**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/9
Скопје, 24 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**СКОПЈЕ**

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 март 2020 година**

„ТОЧКА 1: **Записник од Деветиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 24 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Деветиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 24 март 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Да се забрани влез и излез од и во подрачјето на територијата на општина Куманово со градски и меѓуградски патнички и железнички патнички јавен превоз.

   Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

2. Се препорачува на економските оператори што имаат големи производствени и продажни капацитети на подрачјето на територијата на општина Куманово да го приспособат своето работење со редуциран број на вработени, имајќи ја предвид забраната за влез и излез од и во подрачјето на територијата на општина Куманово со градски и меѓуградски патнички и железнички патнички јавен превоз или целосно да ги затворат производствените и продажните капацитети.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

3. Се задолжуваат Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје да подготват посебен план со екипи за да ги преземат сите потребни мерки и активности за да се спроведе поголем број на тестирања на подрачјето на територијата на општина Куманово, со цел континуирана детекција и организација на следење на состојбата со бројот на инфицирани лица од Коронавирус (COVID-19), за поефикасен третман на истите, како и да се упати стручен медицински персонал и да се обезбеди техничка помош за потребите на Општа Болница – Куманово."

Прилог:
- Записник од ГККШ

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Владимир Лазаревски
Проверил: Снежана М.Пендовски/Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска